# ЗДРАВЈЕ



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

# КАКО ДА ЖИВЕАМ ЗДРАВО?




2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms’ author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union



**СИТЕ ЛУЃЕ САКААТ ДА БИДАТ ЗДРАВИ.**






**МОИТЕ РОДИТЕЛИ И НАСТАВНИЦИ ЌЕ МИ ПОМОГНАТ.**

**ЗДРАВА НАВИКА Е:**



**ДА ПИЈАМ ВОДА**

**И**



**ЈАДАМ РАЗНОВИДНА ХРАНА.**

## ЗДРАВА НАВИКА Е:



ДА РЕДОВНО МИЈАМ РАЦЕ



И ЗАБИ



И ДА СЕ ТУШИРАМ.

## ЗДРАВА НАВИКА Е:



ДА ШЕТАМ СЕКОЈ ДЕН



ДА ТРЧАМ



ИЛИ ВЕЖБАМ.

## ЗДРАВА НАВИКА Е:



ДА ОДАМ НА СПИЕЊЕ
ВО 9 ЧАСОТ.



**КОГА ЖИВЕАМ ЗДРАВО СЕ ЧУВСТВУВАМ ДОБРО И ЗАДОВОЛНО.**

# ФИЗИЧКА АКТИВНОСТ



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union



**ФИЗИЧКАТА АКТИВНОСТ Е ВАЖНА ЗА ЗДРАВЈЕТО.**



И ЈАС САКАМ ДА БИДАМ ЗДРАВ.

ЗАТОА ЌЕ СЕ ОБИДАМ ДА БИДАМ АКТИВЕН СЕКОЈ ДЕН.

## СЕКОЈ ДЕН МОЖАМ:



**ДА ШЕТАМ**



**ДА ТРЧАМ**

**ИЛИ**



**ДА ВЕЖБАМ.**

# МОЖЕ ДА СЕ БАВАМ СО НЕКОЈ СПОРТ:



**ПЛИВАЊЕ,**



**ЈАВАЊЕ,**



**КУГЛАЊЕ, ИЛИ**



**ПЛАНИНАРЕЊЕ.**






**МОИТЕ РОДИТЕЛИ И НАСТАВНИЦИ ЌЕ МИ ПОМОГНАТ.**



ФИЗИЧКАТА АКТИВНОСТ Е ЗДРАВА НАВИКА.



КОГА СУМ АКТИВЕН СЕ ЧУВСТВУВАМ ДОБРО И ЗАДОВОЛНО.

# СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕД



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union





**ПОНЕКОГАШ ТРЕБА ДА ОДАМ НА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕД. ТОА ЗНАЧИ ДЕКА ДОКТОР ЌЕ МЕ ПРЕГЛЕДА.**





**ДОКТОРОТ ПРВО ЌЕ ЈА ИЗМЕРИ МОЈАТА ТЕЖИНА И ВИСИНА.**




ПОТОА ЌЕ ПРОВЕРИ ДАЛИ ДОБРО ГЛЕДАМ.





**ДОКТОРОТ ЌЕ МИ КАЖЕ ДА СЕ СОБЛЕЧАМ ЗА ДА МЕ ПРЕГЛЕДА.**



ПОТОА СО СТЕТОСКОП ЌЕ ГО СЛУШНЕ МОЕТО СРЦЕ И МОИТЕ БЕЛИ ДРОБОВИ.





**КОГА ПРЕГЛЕДОТ ЌЕ ЗАВРШИ, ЈАС ЌЕ СЕ ОБЛЕЧАМ.**
**СЕ ПОМИНА ДОБРО.**

# ПРОМЕНИ ВО ПУБЕРТЕТ



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

РАСТАМ. БЕВ МОМЧЕ, СЕГА СУМ МЛАДИНЕЦ.



# МОЕТО ТЕЛО СЕ МЕНУВА. СТАНУВАМ ПОВИСОК.
# ТОА Е ДОБРО.



## ПОД ПАЗУВИТЕ И НА ИНТИМНИТЕ ДЕЛОВИ НА ТЕЛОТО ПОЧУВААТ ДА МИ РАСТАТ ВЛАКНЕНЦА.





ПОВЕЌЕ СЕ ПОТАМ ПА ТРЕБА ДА ПОЧНАМ ДА КОРИСТАМ ДЕЗОДОРАНС. ТОА Е НОРМАЛНО.





**МИ РАСТЕ БРАДА И МУСТАЌИ.**



ТАТО ЌЕ МИ ПОКАЖЕ КАКО ДА СЕ ИЗБРИЧАМ.



ПОНЕКОГАШ СЕ СРАМАМ, А ПОНЕКОГАШ СУМ ГОРД НА ОВИЕ ПРОМЕНИ. ТОА Е ВО РЕД.



**ТИЕ ПРОМЕНИ ИМ СЕ СЛУЧУВААТ НА СИТЕ МОМЧИЊА.**



**ВО РЕД Е ДА ГИ ПРАШАМ РОДИТЕЛИТЕ И НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ПУБЕРТЕТОТ. ТИЕ МЕ САКААТ И ЌЕ МЕ РАЗБЕРАТ.**



# ПРОМЕНИ ВО ПУБЕРТЕТОТ



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

# РАСТАМ.
# БЕВ ДЕВОЈЧЕ, СЕГА СУМ ДЕВОЈКА.





# МОЕТО ТЕЛО СЕ МЕНУВА. СТАНУВАМ ПОВИСОКА.
# ТОА Е ДОБРО.



**ПОД ПАЗУВИТЕ И НА ИНТИМНИТЕ ДЕЛОВИ НА ТЕЛОТО ПОЧНУВААТ ДА МИ РАСТАТ ВЛАКНЕНЦА.**





## МИ РАСТАТ ГРАДИ И КОЛКОВИ.





# НАСКОРО ЌЕ ДОБИЈАМ МЕНСТРУАЦИЈА.



МАЈКА МИ ЌЕ МИ ПОКАЖЕ КАКО ДА ПРОМЕНАМ ВЛОШКА И ДА ОДРЖУВАМ ХИГИЕНА НА ИНТИМНИТЕ ДЕЛОВИ НА МОЕТО ТЕЛО.



ПОВЕЌЕ ЌЕ СЕ ПОТАМ ПА ТРЕБА ДА ПОЧНАМ ДА КОРИСТАМ ДЕЗОДОРАНС. ТОА Е НОРМАЛНО.





ПОНЕКОГАШ СЕ СРАМАМ, А ПОНЕКОГАШ СУМ ГОРДА НА ОВИЕ ПРОМЕНИ. ТОА Е ВО РЕД.



## ТИЕ ПРОМЕНИ ИМ СЕ СЛУЧУВААТ НА СИТЕ ДЕВОЈЧИЊА.



**ВО РЕД Е ДА ЈА ПРАШАМ МАМА ИЛИ НАСТАВНИЧКАТА ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ПУБЕРТЕТОТ. ТИЕ МЕ САКААТ И ЌЕ МЕ РАЗБЕРАТ.**



# ЌЕ ДОБИЈАМ МЕНСТРУАЦИЈА



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

**СИТЕ ДЕВОЈКИ ДОБИВААТ МЕНСТРУАЦИЈА. И МОЈАТА МАЈКА ИМА МЕНСТРУАЦИЈА.**





НАСКОРО И ЈАС ЌЕ ДОБИЈАМ МЕНСТРУАЦИЈА.
ТОА ЗНАЧИ ДЕКА ЌЕ ВИДАМ КРВ НА ГАЌИЧКИТЕ.



# МЕНСТРУАЦИЈАТА ЌЕ ТРАЕ НЕКОЛКУ ДЕНА И ПОТОА ЌЕ ПРЕСТАНЕ.



| П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|

## КОГА ЌЕ ДОБИЈАМ МЕНСТРУАЦИЈА, ЌЕ МОРАМ ДА НОСАМ ВЛОШКА.



КОГА МОЈАТА ВЛОШКА ЌЕ СЕ ИЗВАЛКА, ЌЕ ЈА ПРОМЕНАМ. ПРВО ЌЕ ОДАМ ВО ТОАЛЕТ.





ВАЛКАНАТА ВЛОШКА ЌЕ ЈА ТРГНАМ ОД ГАЌИЧКИТЕ, ЌЕ ЈА СВИТКАМ, И ЌЕ ЈА ФРЛАМ ВО КАНТА ЗА ОТПАДОЦИ.







**ЌЕ ЗЕМАМ ЧИСТА ВЛОШКА И ЌЕ ЈА ЗАЛЕПАМ НА МОИТЕ ГАЌИЧКИ.**





НА КРАЈОТ ТРЕБА ДОБРО ДА ГИ ИЗМИЈАМ РАЦЕТЕ.



**ВО РЕД Е ДА ИМАМ МЕНСТРУАЦИЈА. ТОА ЗНАЧИ ДЕКА СТАНУВАМ ДЕВОЈКА.**





# ШТО МЕ БОЛИ?



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union



**МОЕТО ТЕЛО СЕ СОСТОИ ОД ГЛАВА, ВРАТ, ТРУП, НОЗЕ И РАЦЕ.**

## ОБИЧНО СЕ ЧУВСТВУВАМ ДОБРО И НИШТО НЕ МЕ БОЛИ.

## СЕГА СЕ ЧУВСТВУВАМ...

**СРЕЌНО**



☐

**ТАЖНО**



☐

**УМОРНО**



☐



**СЕКОЈ ЧОВЕК ПОНЕКОГАШ СЕ РАЗБОЛУВА ИЛИ ПОВРЕДУВА.**




**КОГА НЕШТО МЕ БОЛИ, МОЖАМ ДА И КАЖАМ НА МАМА, ТАТО ИЛИ НАСТАВНИЧКАТА.**




**МОЖЕ ДА КАЖАМ ИЛИ ДА ПОКАЖАМ НА СЛИКА ШТО МЕ БОЛИ.**






**МАМА, ТАТО ИЛИ НАСТАВНИЧКА МОЖАТ ДА МИ ПОМОГНАТ ДА СЕ ЧУВСТВУВАМ ПОДОБРО.**



**МОЖАТ ДА МИ ИЗМЕРАТ ТЕМПЕРАТУРА ИЛИ ДА МИ ДАДАТ ЛЕК.**



**КОГА ЌЕ ОЗДРАВАМ, ЌЕ СЕ ЧУВСТВУВАМ ПОДОБРО И ЌЕ МОЖАМ ДА СИ ИГРАМ.**

# КОГА СУМ БОЛЕН



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union





**ПОНЕКОГАШ ЛУЃЕТО СЕ РАЗБОЛУВААТ, ПОВРЕДУВААТ ИЛИ НЕ СЕ ЧУВСТВУВААТ ДОБРО.**




**И ЈАС ПОНЕКОГАШ СЕ РАЗБОЛУВАМ И НЕ СЕ ЧУВСТВУВАМ ДОБРО.**
**ТОГАШ МОЖАМ ДА КАЖАМ „МЕ БОЛИ ...“**





**КОГА ЛУЃЕТО СЕ РАЗБОЛУВААТ, МОЖЕ ДА ОДАТ НА ДОКТОР И ДА ПОБАРААТ ПОМОШ. ДОКТОРОТ ЛЕЧИ БОЛНИ ЛУЃЕ.**



ЌЕ СЕ ОБИДАМ ДА ГИ СЛУШАМ УПАТСТВАТА НА ДОКТОРОТ И РОДИТЕЛИТЕ.

ПОНЕКОГАШ ТРЕБА ДА ЗЕМАМ ЛЕК, ПОНЕКОГАШ ТРЕБА ДА ОДМАРАМ.

ТОА ЌЕ МИ ПОМОГНЕ ДА ОЗДРАВАМ ПОБРЗО.



ПОНЕКОГАШ ЛУЃЕТО ТРЕБА ДА ОСТАНАТ ВО БОЛНИЦА.



**КОГА СУМ ЗДРАВ, СЕ ЧУВСТВУВАМ ДОБРО.**

# КОРОНА ВИРУС



2019-1-RS01-KA201-000835
Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute
Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

# БОЛЕН СУМ.





# ИМАМ ВИСОКА ТЕМПЕРАТУРА, МЕ БОЛИ ГРЛОТО, КАШЛАМ И ТЕШКО ДИШАМ.









# МОЖЕБИ ЌЕ МОРАМ ДА ОДАМ ВО БОЛНИЦА.






ТАМУ ДОКТОРИТЕ ЌЕ МИ ПОМОГНАТ ДА ОЗДРАВАМ.





**АКО ОСТАНАМ ВО БОЛНИЦА, НЕ ТРЕБА ДА СЕ ГРИЖАМ. НЕМА ДА БИДАМ САМ.**






**МОЖЕБИ НЕМА ДА МОЖАМ ДА ГИ ВИДАМ МАМА И ТАТО.**





# НО ДОКТОРИТЕ И МЕДИЦИНСКИТЕ СЕСТРИ ЌЕ СЕ ГРИЖАТ ЗА МЕНЕ.





КОГА ЌЕ ОЗДРАВАМ, ЌЕ СЕ ВРАТАМ ДОМА.





ТОГАШ ПОВТОРНО СЕ ЌЕ БИДЕ ВО РЕД.





# МОЈОТ ЛЕК



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

 

ДОКТОРОТ МИ ДАДЕ ЛЕК ШТО ТРЕБА ДА ГО ПИЈАМ ПОДОЛГО ВРЕМЕ.



**МОЈОТ ЛЕК Е МАЛО ТРКАЛЕЗНО АПЧЕ.**






| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П | В | С | Ч | П | С | Н |

**ТАТО ИЛИ МАМА ЌЕ МИ ДАДАТ ЛЕК СЕКОЈ ДЕН ВО ИСТО ВРЕМЕ.**





**АПЧЕТО ПРВО ЌЕ ГО СТАВАМ НА ЈАЗИК, ЌЕ СЕ НАПИЈАМ МАЛКУ ВОДА И ЌЕ ГО ПРОГОЛТАМ. ДОБРО Е ДА ГО НАПРАВАМ ТОА.**



**АКО ПИЈАМ АПЧЕ СЕКОЈ ДЕН, ЌЕ СЕ ЧУВСТВУВАМ ДОБРО.**

# ДИЕТА



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union



**НЕКОИ ЛУЃЕ ТРЕБА ДА БИДАТ НА ДИЕТА, ЗАРАДИ ДЕБЕЛИНА ИЛИ БОЛЕСТ.**



**И ЈАС СУМ НА ДИЕТА ЗАРАДИ**

________________________.

(напишете ја причината)

КОГА СУМ НА ДИЕТА
ТРЕБА ДА ВНИМАВАМ



ШТО ЈАДАМ

И



КОЛКУ ЈАДАМ.



**ВОЗРАСНИТЕ ЌЕ МИ КАЖАТ**

**ШТО И КОЛКУ ТРЕБА ДА**

**ЈАДАМ.**

**ТИЕ ЗНААТ ШТО Е ДОБРО ЗА МЕНЕ.**



**ПО ДИЕТАТА ЌЕ СЕ ЧУВСТВУВАМ ДОБРО И ЌЕ БИДАМ ЗДРАВ.**

# ЌЕ НОСАМ ОЧИЛА



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union



**НЕКОИ ЛУЃЕ НОСАТ ОЧИЛА.**





**ДОКТОРОТ РЕЧЕ ДЕКА И ЈАС ТРЕБА ДА НОСАМ ОЧИЛА.**



**КОГА НЕ НОСАМ ОЧИЛА, СЕ ИЗГЛЕДА МАТНО.**






**ЌЕ НОСАМ ОЧИЛА ДОМА И ВО УЧИЛИШТЕ.**





**ЌЕ СЕ ТРУДАМ ВНИМАТЕЛНО ДА ГИ СТАВАМ, ВАДАМ И ПАКУВАМ МОИТЕ ОЧИЛА.**



**КОГА СПИЈАМ НЕ НОСАМ ОЧИЛА.**



**КОГА НОСАМ ОЧИЛА ПОДОБРО ГЛЕДАМ. ДОБРО Е ДА СЕ НОСАТ ОЧИЛА.**

# МЕРЕЊЕ ПРИТИСОК



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union



**ПОНЕКОГАШ ТРЕБА ДА ИЗМЕРАМ ПРИТИСОК.**



**ПРИТИСОК МОЖЕ ДА МИ ИЗМЕРИ ДОКТОР, РОДИТЕЛ ИЛИ**

**__________________________.**

**(допишете кој)**




ПРИТИСОКОТ СЕ МЕРИ СО АПАРАТ ЗА МЕРЕЊЕ ПРИТИСОК.

БРОЕВИТЕ НА АПАРАТОТ ПОКАЖУВААТ КОЛКАВ Е МОЈОТ ПРИТИСОК.



**МАНЖЕТНАТА СЕ СТАВА ОКОЛУ РАКАТА.**

**ПОТОА СЕ НАДУВУВА ЗА ДА ЈА СТЕГНЕ РАКАТА.**



**МЕРЕЊЕТО Е ЗАВРШЕНО КОГА МАНЖЕТНАТА ЌЕ СЕ ОПУШТИ.**



**ДОБРО Е ДА СЕ ИЗМЕРИ ПРИТИСОК И ДА СЕ ЗНАЕ КОЛКАВ Е.**

# СНИМАЊЕ НА ГЛАВАТА



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union






**НАСКОРО ЌЕ ОДАМ НА ПРЕГЛЕД НА ГЛАВАТА ВО БОЛНИЦА.**





КОГА ЌЕ ВЛЕЗАМ ВО СОБАТА ЗА СНИМАЊЕ, СЕСТРАТА ЌЕ МИ ПОКАЖЕ ДОЛГИ КАБЛИ И АПАРАТ.

ПОТОА ЌЕ ЛЕГНАМ.





**СЕСТРАТА ЌЕ НАМАЧКА ГЕЛ НА МОЈАТА ГЛАВА.**

**ГЕЛОТ Е ЛАДЕН, НО ЌЕ СЕ ОБИДАМ ДА ОСТАНАМ МИРЕН.**



**ПОТОА НА ГЛАВАТА ЌЕ МИ ЗАЛЕПИ ФЛАСТЕРИ СО КАБЛИ.**

**ДОДЕКА ФЛАСТЕРИТЕ МИ СЕ НА ГЛАВАТА НЕМА ДА МЕ БОЛИ.**






**ПОТОА СЕСТРАТА ЌЕ ПАЛИ И ГАСИ СВЕТЛО КОЕ ТРЕПЕРИ.**

**ЌЕ СЕ ОБИДАМ ДА ОСТАНАМ ТИВОК И МИРЕН И ДА СЛУШАМ ШТО МИ КАЖУВА СЕСТРАТА.**



**ПРЕГЛЕДОТ Е ЗАВРШЕН. СЕ ПОМИНА ДОБРО.**

# КАЈ СТОМАТОЛОГ



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union



**СИТЕ ПОНЕКОГАШ ОДАТ КАЈ СТОМАТОЛОГ.**

**ТОА Е ДОБРО, СТОМАТОЛОГОТ ГИ ПРЕГЛЕДУВА И ЛЕЧИ ЗАБИТЕ.**



**ЌЕ СЕ ОБИДАМ ДА ОДАМ РЕДОВНО КАЈ СТОМАТОЛОГОТ.**





**СТОМАТОЛОГОТ ИМА ГОЛЕМО СТОЛЧЕ И ПОСЕБЕН ПРИБОР.**

**КОГА ЌЕ СЕ СЕДНАМ НА СТОЛЧЕТО, ЌЕ ОТВОРАМ УСТА.**





**СТОМАТОЛОГОТ ЌЕ МИ ГИ ПРЕГЛЕДА ЗАБИТЕ.**

**ЌЕ СЕ ОБИДАМ ДА ОСТАНАМ МИРЕН И ДА ЈА ДРЖАМ УСТАТА ОТВОРЕНА.**




**КОГА ПРЕГЛЕДОТ Е ЗАВРШЕН, СТОМАТОЛОГОТ ЌЕ КАЖЕ „ГОТОВО“.**



**ДОБРО Е ДА СЕ ОДИ КАЈ СТОМАТОЛОГ.**

# КАЈ ГИНЕКОЛОГ



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

**ВРЕМЕ Е ЗА ПРЕГЛЕД КАЈ ГИНЕКОЛОГ.**



ГИНЕКОЛОГ Е ДОКТОР КОЈ ПРЕГЛЕДУВА И ЛЕЧИ ЖЕНИ. ТОЈ ГИ ПРЕГЛЕДУВА ИНТИМНИТЕ ДЕЛОВИ НА ТЕЛОТО И ЖЕНИТЕ КОИ ЧЕКААТ БЕБЕ.





**НЕ ТРЕБА ДА СЕ ПЛАШАМ ОД ПРЕГЛЕДОТ КАЈ ГИНЕКОЛОГ. ТОЈ Е ТУКА ДА МИ ПОМОГНЕ.**



ПРВО ЌЕ ПОЧЕКАМ ВО ЧЕКАЛНАТА. ЌЕ СЕ ОБИДАМ ДА БИДАМ ТРПЕЛИВА.



**ПОТОА МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА ЌЕ МЕ ПОВИКА КАЈ ДОКТОРОТ.**



# ГИНЕКОЛОГОТ ЌЕ МЕ ПРАШУВА ЗА МОЕТО ИНТИМНО ЗДРАВЈЕ.



# ПОТОА ЌЕ ГИ ПРЕГЛЕДА МОИТЕ ГРАДИ.



# ГИНЕКОЛОГОТ ЌЕ ГИ ПРЕГЛЕДА И МОИТЕ ИНТИМНИ ДЕЛОВИ НА ТЕЛОТО.



**ГИНЕКОЛОГОТ ЌЕ МИ НАПРАВИ УЛТРАЗВУК. ТАКА ЌЕ ЗНАЕ ДАЛИ СУМ ЗДРАВА.**



МОЖЕБИ ЌЕ МИ БИДЕ НЕПРИЈАТНО, НО ТОА Е ВО РЕД.
БРЗО ЌЕ ПОМИНЕ.



**СИТЕ ДЕВОЈКИ И ЖЕНИ ТРЕБА РЕДОВНО ДА ПРАВАТ ПРЕГЛЕД КАЈ ГИНЕКОЛОГ.**



**ВО РЕД Е ДА ЈА ПРАШАМ МАМА ИЛИ НАСТАВНИЧКАТА ЗА ОДЕЊЕТО КАЈ ГИНЕКОЛОГ. ТИЕ МЕ САКААТ И ЌЕ МЕ РАЗБЕРАТ.**



# ЗЕМАЊЕ БРИС ОД НОС



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union



И ЈАС ПОНЕКОГАШ ТРЕБА ДА НАПРАВАМ БРИС ОД НОС.




БРИСОТ ГО ЗЕМА ДОКТОР ВО БОЛНИЦА.



БРИС СЕ ЗЕМА СО СТАПЧЕ КОЕ НА ВРВОТ ИМА ПАМУК.



ДОКТОРОТ ЌЕ ГО СТАВИ СТАПЧЕТО ВО ЕДНАТА ПА ВО ДРУГАТА НОЗДРА.



МОЖЕБИ ЌЕ ПОЧУВСТВУВАМ МАЛА НЕПРИЈАТНОСТ.

ЌЕ СЕ ОБИДАМ ДА ОСТАНАМ МИРЕН.



ПРЕГЛЕДОТ БРЗО ЗАВРШИ. СЕ ПОМИНА ДОБРО.

# ЗЕМАЊЕ КРВ



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union



**СИТЕ ПОНЕКОГАШ ОДИМЕ ДА НИ ЗЕМАТ КРВ.**

**ТОА СЕ ПРАВИ ВО ЗДРАВСТВЕН ДОМ ИЛИ БОЛНИЦА.**



**КРВ ЗЕМААТ МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ.**



**КРВТА СЕ ЗЕМА ОД РАКА.**



**МЕСТОТО ОД КОЕ СЕ ЗЕМА КРВ ЌЕ МИ ГО ИСЧИСТАТ СО АЛКОХОЛ.**



**МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА ЌЕ МЕ БОЦНЕ СО ИГЛА НА КОЖАТА И ЌЕ МИ ЗЕМЕ КРВ.**



КОГА Е ГОТОВО ЌЕ МИ СТАВАТ ПАМУКЧЕ НА МЕСТОТО НА УБОДОТ.



ЗЕМАЊЕТО КРВ Е ГОТОВО.

# ВАДЕЊЕ ЗАБ



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union



ПОНЕКОГАШ МОЖЕ ДА МЕ ЗАБОЛИ ЗАБ.



ТОГАШ ТРЕБА ДА ОДАМ КАЈ СТОМАТОЛОГ.



КАЈ СТОМАТОЛОГОТ ЈАС ЌЕ СЕДНАМ НА ГОЛЕМ СТОЛ.



ЌЕ ЈА ОТВОРАМ УСТАТА.



СТОМАТОЛОГОТ ЌЕ ГИ ПРЕГЛЕДА МОИТЕ ЗАБИ

И ЌЕ ВИДИ КОЈ ЗАБ ТРЕБА ДА МИ ГО ИЗВАДИ.



СТОМАТОЛОГОТ ИМА ПОСЕБЕН АЛАТ ЗА ВАДЕЊЕ ЗАБИ.



ЌЕ СЕ ОБИДАМ ДА ОСТАНАМ МИРЕН ДОДЕКА СТОМАТОЛОГОТ ГО ВАДИ МОЈОТ ЗАБ.



МОЖЕБИ ЌЕ ПОЧУСТВУВАМ МАЛКУ БОЛКА.



МОЖАМ ЦВРСТО ДА ЈА СЕГНАМ РАКАТА.



КОГА СТОМАТОЛОГОТ ЌЕ ГО ИЗВАДИ ЗАБОТ БОЛКАТА ЌЕ ПРЕСТАНЕ

И ЌЕ СЕ ЧУВСТВУВАМ ДОБРО.



ДОБРО Е ДА СЕ ОДИ КАЈ СТОМАТОЛОГ.

# МОЈОТ ТАТКО Е БОЛЕН



2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses:CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

# МОЈОТ ТАТКО Е БОЛЕН. ИМА ВИРУС.





ИМА ВИСОКА ТЕМПЕРАТУРА, ГО БОЛИ ГРЛО, КАШЛА  И ТЕШКО ДИШЕ.






# МОЖЕБИ ЌЕ МОРА ДА ОДИ ВО БОЛНИЦА.






# ТАМУ ЌЕ ПРОВЕРАТ ДАЛИ ИМА КОРОНА ВИРУС.





ДОКТОРИТЕ ТАМУ ЌЕ МУ ПОМОГНАТ ДА ОЗДРАВИ.





**АКО ТАТО ОСТАНЕ ВО БОЛНИЦА, НЕ ТРЕБА ДА СЕ ГРИЖАМ.**
**НЕМА ДА БИДАМ САМ.**






# МОЕТО СЕМЕЈСТВО СЕ ГРИЖИ ЗА МЕНЕ.





КОГА ТАТО ЌЕ ОЗДРАВИ, ЌЕ СЕ ВРАТИ ДОМА.





ТОГАШ СЕ ЌЕ БИДЕ ВО РЕД.





# Disclaimer

The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents which reflects the views only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

2019-1-RS01-KA201-000835

Pictograms' author: Sergio Palao Origin: ARASAAC (http://arasaac.org) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Aragon Government
Material author: Centar za autizam Origin: ITSOK (http://itsok.rs) Licenses: CC (BY-NC-SA) Property: Autism Institute

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union